РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
БР. 05-150/1
10.01 2020 год.
КОЧАНИ

Трговско друштво за промет и услуги
ФОРЕС ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 8563/1
24.12 2019 год.
Скопје

# ДОГОВОР

**Склучен помеѓу:**

**1. Општина Кочани**, со седиште на ул.“Раде Кратовче“ бр.1 - Кочани, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани во својство на одговорно лице, Г-дин Николчо Илијев ( во натамошниот текст: **Купувач)** и

**2. Трговско друштво за промет и услуги ФОРЕС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје,** со ДБ:4030001511387, ЕМБС: 5869650, седиште на ул.Партизански одреди бр.70Б локал 20, Скопје, жиро сметка 300000001908220, депонент Комерцијална Банка АД Скопје, застапувано од управителот Владица Стојановиќ ( во понатамошниот текст: **Продавач).**

**Член 1**

Предмет на овој Договор за јавна набавка е набавка на стоки, и тоа за

**Набавка на противпожарни интервентни чизми и набавка на подкапи за заштита од високи температури**

Овој договор се доделува во спроведена постапка со Набавка од мала вредност, по Оглас бр.13563/2019 објавен на ЕСЈН на ден 28.11.2019 г., а врз основа на Одлука за избор на најповолна понуда од 12.12.2019 година.

**Член 2**

Вкупната цена на стоката од конкретниот предмет на набавка без вклучен ДДВ изнесува **219.487,00 ден**. ДДВ по стапка од 18 % изнесува 39.507,66 денари, а истиот ќе се пресметува при фактурирањето на испорачани видови и количини на стока, односно

**Вкупната вредност на договорот за јавната набавка, опишан во чл.1 на овој Договор со вклучен ДДВ 18 % изнесува 258.994,66 денари.**

Вредноста на стоката ќе се утврдува согласно понудената единична првична/конечна цена без ддв, утврдена во табелата подолу, понудена од понудувачот ФОРЕС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје.

| **Реден број** | **Назив на производот** | **Количина** | **Единечна цена без ДДВ** | **Вкупна цена без ДДВ** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Интервентни чизми | 17 | 11.550,00 | 196.350,00 |
| 2. | Подкапи | 17 | 1.361,00 | 23.137,00 |
| | | | **Вкупна цена без ДДВ:** | **219.487,00** |

Во вкупната вредност на договорот е засметана и вредноста на придружните услуги, сите трошоци и попусти.

**Член 3**

Плаќањето ќе се врши со фактура и испратница, задолжително потпишана од претставници на двете договорни страни.

Плаќањето ќе се врши во рок од 60 дена од приемот на фактурата со испратницата, за стварно испорачани видови и количини на стоки, согласно техничката спецификација, а по единечни цени без ДДВ, од ст.2 на овој договор.

ДДВ при изготвувањето на фактурата ќе биде изразен посебно.

Доколку доставената фактура не ја содржи придружната документација, истата нема да се реализира и ќе му се врати на Продавачот.

**Член 4**

Продавачот е должен испораката на стоките предмет на договорот за јавна набавка да ја изврши, **задолжително** во согласност со условите и барањата од техничката спецификација, **во рок од 30 дена** од доставено барање-нарачка.

Продавачот е должен стоките (интервентните чизми и подкапи) за пожарникарите да ги испорача **на локација франко – Општина Кочани,** Територијална Противпожарна единица Кочани во присуство на лице задолжено од договорниот орган за прием и испорака на стоките.

Се смета дека нарачката на стоките предмет на договорот за јавна набавка е уредно нарачана со поднесување на барање за нарачка по пат на пошта, факс или преку е-маил.

**Член 5**

Испораката на стоките се смета за завршена со потпишување на испратница за прием од страна на овластеното лице на Продавачот и овластеното лице на Купувачот.

Квалитативен и квантитативен прием на стоката од чл.1 од овој Договор врши Купувачот, со документ (испратницата) потпишана од двете договорни страни.

Во текот на примопредавањето се утврдува квалитетот и квантитетот на испорачаната стока.

Овластен/задолжен претставник на Купувачот ќе присуствува при приемот и точната бројност, физичка и функционална состојба на стоката, согласно техничката спецификација.

Купувачот е должен испорачаната стока да ја прегледа на вообичаен начин за да утврди дали постојат видливи недостатоци.

Доколку прегледот се изврши во присуство на обете страни Купувачот е должен своите забелешки поради видливи недостатоци да му ги соопшти на Продавачот.

**Член 6**

Продавачот одговара за материјалните недостатоци на стоката што таа ги имала во моментот на преминувањето на ризикот врз Купувачот, без оглед дали тоа му било познато.

Продавачот одговара и за оние материјални недостатоци што ќе се појават по преминувањето на ризикот врз Купувачот ако се последица од причина што постоела пред тоа.

Незначителниот материјален недостаток не се зема предвид.

**Член 7**

Недостаток постои:

1) ако стоката ги нема потребните својства за нејзина редовна употреба или за промет;

2) ако стоката ги нема потребните својства за особената употреба за која ја набавува Купувачот, а која му била позната на Продавачот или морала да му биде позната;

3) ако стоката ги нема својствата и одликите што се изречно или премолчно договорени, односно пропишани и

4) продавачот предал стока/и која не е соодветна на техничките спецификации прифатени од негова страна и не е во согласност со Правилникот за видот и изгледот на униформата, видот

на заштитната опрема и начинот на проверка и испитување на нејзината исправност (Службен весник на РМ бр.166/2019).

**Член 8**

Купувачот кој навремено и уредно го известил Продавачот за недостатокот може:
1) да бара од Продавачот да го отстрани недостатокот или да му предаде друга стока без недостаток (исполнување на договорот) и
2) да изјави дека го раскинува договорот.

Во секој од овие случаи Купувачот има право и на надомест на штетата. Покрај тоа и независно од тоа, Продавачот му одговара на Купувачот и за штетата што овој поради недостаток на стоката ја претрпел на другите свои добра и тоа според општите правила за одговорноста за штета.

Во случај на видливи недостатоци Купувачот може да бара од Продавачот да го острани недостатокот или да му предаде друга стока без недостаток. Несоодветноста на стоката по вид, количина, квалитет и опис утврдени во техничката спецификација нема да се прифати, несоодветните стоки ќе му бидат вратени на Продавачот, со тоа што Продавачот ќе биде должен да испорача нови стоки согласно детално утврдениот опис и карактеристики во техничката спецификација и согласно Правилникот за видот и изгледот на униформата, видот на заштитната опрема и начинот на проверка и испитување на нејзината исправност („Сл.Весник на РМ бр.166/2019") во спротивно ќе му биде наплатена гаранцијата за квалитетно извршување на договорот.

**Член 9**

Купувачот може да го раскине договорот само ако претходно му оставил на Продавачот дополнителен примерен рок од 3/три/ дена за исполнување на договорот.

Купувачот може да го раскине договорот и без оставање на дополнителен рок ако Продавачот, по известувањето за недостатоците, му соопштил дека нема да го исполни договорот, или ако од околностите на конкретниот случај очигледно произлегува дека Продавачот не ќе може да го исполни договорот ни во дополнителниот рок.

**Член 10**

Ако Продавачот во дополнителниот рок не го исполни договорот, тој се раскинува според самиот закон, но Купувачот може да го одржи ако без одлагање му изјави на Продавачот дека договорот го одржува во сила.

**Член 11**

Кога само дел од предадената стока има недостатоци, или кога е предаден само дел од стоката, односно помало количество од договореното, Купувачот може да го раскине договорот во смисла на претходните членови само во поглед на делот што има недостатоци, или само во поглед на делот или количеството што недостига.

Купувачот може да го раскине целиот договор само ако договореното количество или предадената стока сочинува целина, или ако Купувачот инаку има оправдан интерес да ја прими договорената стока или количество во целост.

**Член 12**

Раскинувањето на договорот поради недостаток на стоката произведува исти дејства како и раскинувањето на двостраните договори поради неисполнување.

**Член 13**

Согласно Известување од Купувачот бр.05-1156/2 од 18.12.2019 год., Продавачот во благовремен рок достави банкарска гаранција за квалитетно извршување на Договорот во еден оригинален примерок бр.691069 издадена од Комерцијална Банка со важност до 15.03.2020 год. на износ од 12.950,00 ден., односно 5 % (проценти) од вкупната вредност од чл.2 на овој Договор, со која се обврзува дека навремено, квалитетно и според условите од договорот ќе ги испорача стоките кои се предмет на овој договор.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку Продавачот не ги исполнува обврските од договорот за јавна набавка.

Во случај на неисполнување на некоја од обврските од договорот за јавна набавка согласно договореното, Купувачот писмено ќе го извести носителот на набавката дека ќе пристапи кон наплата на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот Купувачот му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот за јавна набавка.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на Продавачот по пошта, лично во седиштето на носителот на набавката или лично во седиштето на Купувачот.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку Продавачот не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести Продавачот.

Во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, Продавачот соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно извршување на договорот.

**Член 14**

Во случај на доцнење со испораката на стоката од страна на Продавачот, Купувачот има право на надомест на штета и договорна казна.

Договорната казна се определува во висина од 0,5% /проценти/за секој ден задоцнување на неиспорачаната количина, и не смее да надмине 5% /проценти/од вкупната вредност на договорот .

Купувачот не може да бара договорна казна поради задоцнување ако го примил исполнувањето на обврската, а без одлагање не му соопштил на Продавачот дека го задржува правото на договорна казна.

**Член 15**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни, и се во согласност со Законот за јавните набавки и позитивните законски прописи во РМ.

**Член 16**

За евентуален спор по овој Договор, ќе решава стварно и месно надлежен суд.

**Член 17**

Овој Договор е составен во 6 (шест) еднакви примероци, од кои 4 /четири/ примерока за Купувачот, а 2/два/ примерока за Продавачот и истиот стапува на сила со денот на склучувањето.

***за Продавачот,***
***ФОРЕС ДООЕЛ Скопје***
***Управител,***

___________________

***( Владица Стојановиќ )***

***за Купувачот,***
***Општина Кочани***
***Градоначалник,***

___________________

***( Николчо Илијев )***

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки - Далиборка Стојанова*
*Контролирал: Командир на ТППЕ Кочани Благојчо Паунов*